**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-61/5**
**Скопје, 24.02.2023 година**

Записник од седумдесет и четвртата седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 24.02.2023 година.

Присутни:
г-дин Антонио Јолевски -Претседател на Советот
г-дин Арбер Исаку – Заменик претседател
г-дин Влатко Георгиевски член
г-ѓа Душица Димитриеска
г-ѓа Јасна Жежова член
г-Иџет Мемети член
г-ѓа Фиданка Рајевска член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-дин Антонио Јолевски констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на седумдесет и четвртата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следениот дневен ред:

1. Усвојување на записникот од 73 (седумдесет и третата) седница на Советот.
2. Разгледување и усвојување на завршната сметка на СЈОРСМ за 2022 година.
3. Донесување на Одлука за формирање на Комисија за разгледување на дисциплинскиот предмет СОЖ бр.1/23.
4. Разно

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ја отвори 74-та седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред. Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 73 (седумдесет и третата) седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ги запозна членовите на Советот со содржината на завршната сметка на Советот за 2022 година. Воеддо кажа дека буџетот на Советот за 2022 година изнесувал 23.490.00,00 денари, додека искористени биле вкупно 21.772.765,00 денари, разликата била повлечена бидејќи била наменета за плати за членови на Советот кои не биле избрани од страна на Собранието на РСМ. Воедно истакна дека во новиот буџет не

биле земени во предвид тие средства за плати. Исто така, претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот како биле и за што потрошени средствата одобрени со буџетот за 2022 година, по што отвори дискусија.

Г-дин Иџет Мемети смета дека е многу битно процентуалното искорустување на одобрените буџетски средства и тоа по сите ставки, од причијна што оттука се гледа колку сме реални и сериозни при поднесување на предлог пресметката. Солидниот процент на искористување на средствата е многу битно и е добар аргумент за во наредните буџетски планирања  да ни бидат прифатени. Во 2022 година, Советот бележи високо ниво на искористување на средствата по сите ставки, што смета дека е добро. Смета дека оваа завршна сметка треба да се усвои и да се пофали за големиот процент на искористените средства.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека сите средства се наменски искористени по сите ставки и каде што имало потреба било извршено пренамена на парични средства.

Член на Советот истакна и даде забелешка дека СЈОРСМ, доста заостанува во техничка опрема во однос на Судскиот совет на РСМ.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека има во план да се организира работна средба со премиерот на РСМ, и на истиот да биде разговарано за работните простории, техничката опременост на Советот и за се што е потребно за нормално функционирање на СЈОРСМ.

Откако никој не зема збор Советот донесе одлука со која се  усвојува завршната сметка на Советот на јавните обвинители на РСМ за 2022 година.

Под точка три од дневниот ред, претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека до Советот е доставена жалба СОЖ бр.1/23, по дисциплински предмет која жалба е изјавенаод страна на јавен обвинител, и дека Советот треба да формира Комисија која ќе го разгледа предметот и ќе изготви извештај по истиот. Воедно даде предлог за членови на Комисијата бидат г-ѓа Јасна Жежова – претседател, г-ѓа Душица Димитриеска – член и г-дин Арбер Исаку – член.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка разно од дневниот ред претседателот на Советот ги извести членовите на Советот дека од страна на АСЈО до Советот е доставена конечна листа на завршени кандидати за јавни обвинители кои во текот на наредните денови ќе добијат уверенија за завршена обука во АСЈО. Воедно предложи Советот во текот на наредната недела закаже седница на која ќе биде донесена одлука за објавување на огласи за избор на јавни обвинители.

Исто така кажа дека Претседателот на  Советот ќе треба да распише оглас за избор на член на Советот, поради заминување во пензија на еден од членовите на Советот, избран од редот на јавните обвинители.

Под истата точка од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека Советот треба да донесе одлука за исплата на додатоци на плата на членовите на Советот на РСМ за месец Февруари 2023 година, во висина од 15%, по што Советот едногласно донесе одлука за исплата на додатоци на плата на членовите на Советот за месец Февруари 2023 година во висина од 15%.

Под истата точка од дневниот ред Претседателот на Советот истакна дека по барање на Советот од страна на Јавниот обвинител на РСМ, до Советот било доставена листа за вкупно поведени предлози за дисциплински постапки, без никакви дополнителни образложенија до кај се постапките и дали некои од нив се и завршени. Воедно кажа дека од страна на Етичкиот Совет не се добиени никакви информации. Предложи

Советот да достави писмо до ЈОРСМ во вид на ургенција, каде ќе се бараат подетални податоци и информации во однос на поведените дисциплински предмети.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот ја заклучи седумдесет и четвртата седница на Советот.

Записникот го водел:
Аспарух Мисајловски
Генерален секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Антонио Јолевски**